Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

Сектор за уредување на просторот

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
Примено / E pranuar: 13.10.2025
Орг.Един. / Njësia Org. | Број / Numër: 49-8783/3 | Прилог / Shtojcë: | Вредност / Vlerë:

10. **Октомври, 2025**

**Арх. бр.:** **21-6799/**2

**До:** **Организација за рурален туризам, екологија и традиција - ОРТЕТ, с. Куратица, Охрид**

**Ко:** **Генерален секретаријат до Влада на Република Северна Македонија**

**Предмет:** **Известување по доставен Предлог-Иницијатива**

**Ваш арх.бр.:** **49-8783/1 од 17.09.2025 година**
**Наш арх.бр.:** **21-6799/1 од 22.09.2025 година**

Почитувани,

До Министерството за транспорт, Сектор за уредување на просторот доставен е Допис од Влада на Република Северна Македонија, Сектор за анализа на политиките и координација, Одделение за соработка со невладини организации, со барање за произнесување по предлог-иницијатива со наслов „Стопански развој на руралните заедници во општина Охрид и Република Македонија" а по повод објавениот повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата за 2026 година поднесен од Ваша страна а заведен во Влада на РСМ со **архивски број 49-8783/1 од 17.09.2025 година и наш архивски број 21-5836/1 од 17.07.2025 година**.

Во таа смисла, Министерството за транспорт благодари за доставената иницијатива и Вашиот придонес кон подготвување на Програмата за работа на Владата за 2026 година. Во однос на предложените измени во Законот за угостителска дејност и Законот за автокампови, Министерството за транспорт, Сектор за уредување на просторот, во рамките на своите надлежности, укажува на следното:

1. Усогласеност со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25)


Министерство за транспорт на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина" бр. 4, 1000 Скопје
+389 2 3145 451
www.mtc.gov.mk

Согласно член 3 став (1) од Законот за урбанистичко планирање, урбанистичкото планирање е дел од системот на просторното и урбанистичкото планирање, што се состои од Просторниот план на Република Северна Македонија и просторните планови за негово спроведување, како и од урбанистичките планови и актите за нивно спроведување.

Согласно став (2) од истиот член 3 од Законот за урбанистичко планирање, системот на просторното и урбанистичкото планирање служи за уредување и хуманизација на просторот и заштита и унапредување на животната средина и природата, како и социјалната, економската и еколошката одржливост на човечките населби, а нивното остварување се обезбедува низ континуираниот процес на изработувањето, донесувањето, спроведувањето и следењето на спроведувањето на плановите.

Следствено на горенаведеното, секоја интервенција во просторот, вклучително и изградба и развој на објекти од угостителска и туристичка намена (како што се капацитети за селски туризам или автокампови), мора да биде **во согласност со важечките урбанистички планови и урбанистички проекти** и **во рамки на законски дозволената намена на просторот**.

Во таа смисла, во член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 18/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25 и 143/25) е уреден системот на класи на намени сочинет од групи на класи на намени, па согласно овој член, во групата на класа на намени А опфатени се градби од домување, при што во класата на намени А4 е уредено времeното домување вклучително и куќи за селски туризам, автокампови и сл., додека пак во групата на класа на намени Б опфатени се градби со комерцијални и деловни намени, при што во класата на намени Б1 се уредени мали единици за комерцијални и деловни дејности (до 200 м2 и П+1) како што се ресторани, кантини, кафеани, винарии и сл., додека пак во класата на намени Б3 се уредени големи единици од угостителска дејност, како што се поголеми таверни, ресторани и сл. Тоа се градби од втора категорија согласно член 57 став (2) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 111/23, 224/24, 224/24, 255/24, 3/25, 17/25, 87/25 и 101/25), кои како градби од локално значење се во надлежност на општините, а согласно член 58 ст. (2) од Законот за градење.


Министерство за транспорт на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина" бр. 4, 1000 Скопје
+389 2 3145 451
www.mtc.gov.mk

**2. Специфичности на подрачјето на Охрид**

Имајќи предвид дека иницијативата се однесува (целосно или делумно) на подрачјето на Охрид, укажуваме дека тоа е прогласено за **светско природно и културно наследство под заштита на УНЕСКО**, што воведува дополнителни ограничувања и услови за каков било развој, па секој предлог за измени и дополнувања во Законот за угостителска дејност и Законот за автокампови, во однос на создавање на нови капацитети, зголемување на бројот на туристички сместувања или уредување на земјиште за оваа намена, мора да биде усогласен и со **Планот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион**, а согласно Законот за управување со светското и културното наследство во Охридскиот регион (Сл. Весник на РМ бр. 75/10).

**3. Заклучок и препорака**

Иницијативата ја сметаме за релевантна по тематика, со потенцијал за позитивен придонес во развојот на руралните средини. Сепак, укажуваме дека при било каква измена на законската регулатива поврзана со туризмот, со која се врши интервенција во просторот со градбите од локално значење, мора да се има во предвид горенаведената законска регулатива и постапките пред надлежната општина.

Во таа насока, Ве охрабруваме да продолжите со понатамошни активности и предлози, но и да обезбедите подетална разработка и аргументација во координација со надлежната општина, а во смисла на погоренаведеното.

Со почит,

**Весна Андриевска, диа**
**Раководител на Сектор за уредување на просторот**

Изготвил: Јулиана Стојановска, миа
Проверил: Ана Ѓорѓиоска, диа